**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ**
**Су бр.676/20-3**
**25.12.2020 година**
**Радовиш**

Претседателот на Основниот суд Радовиш Лила Цветаноска на 25.12.2020 година донесе

## Годишен план за работа на Основен суд Радовиш за 2021 година

1. Општина Радовиш е со површина од 608 km2 и 24 активно населени рурални места од 35 населени места со вкупен број на население од приближно 29.000 илјади жители од кои приближно 16.500 илјади во Радовиш како урбана средина. Во неа живее македонско и приближно 3.500-4.000 илјади турско и ромско население, односно 16% од вкупното население.

Приближно 90% од вкупното стопанство отпаѓа на приватната дејност (текстил, трговија на големо и мало, занаетчиство, месна индустрија, преработка на млечни производи, угостителство, рударство, шумарство и друго).

Општина Конче е од рурален карактер со површина од 225 km2 и 7 активни од 14 населени места, со вкупен број на население од приближно 3.500 илјади жители. Во општина Конче живее претежно македонско и приближно 500 жители турско население, односно 14% од вкупното население.

Над 90% од вкупното стопанство е приватната дејност (трговија, превоз, преработка на млечни производи и друго). Најголем дел од населението се занимава со земјоделство и сточарство.

Имајќи ја предвид постојната економска состојба, значителен број од жителите на Општините Радовиш и Конче привремено престојуваат во странство, каде остваруваат работен ангажман. Тоа особено е забележително кај младата популација.

Исто така, евидентирани се силно изразени миграции од Радовиш кон Скопје, Штип и Струмица, како во поглед на училишната и студентската популација, така и во однос на работната сила.

2. Основниот суд во Радовиш според одредбите на Законот за судови е првостепен суд со основна надлежност за подрачјето на општините Радовиш и Конче. Судот одлучува во прв степен за сторени кривични дела и прекршоци, и тоа:

- за кривични дела за кои со закон е определена казна до пет години затвор, ако за некои кривични дела не е предвидена надлежност на друг суд,
- за прекршоци кои се во надлежност на судот.

Основниот суд во Радовиш е надлежен во прв степен по граѓански спорови, и тоа:

за спорови во имотно-правните и други граѓанско-правни односи на физички и правни лица со вредност до 50.000 илјади евра во денарска противвредност, доколку со закон не е предвидена надлежност на друг суд,

- за спорови за утврдување и оспорување на татковство, мајчинство, утврдување на постоење брак, за поништување на брак и развод на брак, за законска издршка, чување и воспитување на деца, надомест на штета со вредност до 50.000 илјади евра, работни спорови, во вонпарнични и оставински предмети и врши други работи утврдени со закон.

3. Гледано од аспект на досегашната работа на Судот, најчест вид на граѓански предмети претставуваат споровите од мала вредност со различен основ (долг, надомест на штета), имотните спорови (утврдување право на сопственост, вознемирување на сопственост) и платните налози по приговор, а исто така се застапени и работните спорови (исплата на плата, придонеси и надоместоци од плата) и семејните спорови (развод на брак, издршка на деца).

За кривичните дела кои се во надлежност на Основен суд Радовиш, Судот одлучува најчесто за сторени кривични дела ,,кражба", „тешка кражба", „телесна повреда", „загрозување на сигурноста" и „загрозување на безбедноста во сообраќајот", од кои 2/3 се поведуваат по службена должност од страна на Основниот јавен обвинител Радовиш, а останатите по приватна тужба.

Во текот на 2021 година не се очекуваат радикални промени во законската регулатива во граѓанската област кои што би се одразиле врз бројот на предметите во Судот.

Законот за изменување и дополнување на ЗПП на 9.9.2011 година, како и трансферот на платните налози во надлежност на нотарите, согласно со измените на Законот за извршување, во значителен степен придонесоа врз намалување на бројот на предметите по кои постапува Основниот суд Радовиш. Слична состојба и движење на предметите се очекува и во текот на 2021 година.

Во кривичната област, сметано од 1.12.2013 година е отпочната примената на новиот ЗКП, што предизвика промена во обемот и видот на кривичните предмети.

Имајки ја во предвид состојбата со пандемијата со вирусот Ковид-19 и прилов на предмети се очекува слична корелација на состојбата и движењето на предметите и во 2021 година, бидејки состојбата се уште трае.

Не се очекува поголема флуктуација во обемот на прекршочните предмети по кои ќе постапува Судот.

Имајќи го предвид очекуваниот прилив на нови предмети и пренесените предмети од претходната година, кои го определуваат вкупниот обем на предмети, доведени во корелација со бројот на судиите во Судот, може да се очекува совладување на приливот и определено намалување на заостатокот. Степенот на намалување на заостатокот не може да биде значителен, бидејќи наследениот заостаток е мал и не остава простор за битна корекција, но секое намалување е драгоцен придонес во ефикасноста на судското постапување.

Судовите со мал обем на работа, каков што е Основниот суд Радовиш, се особено осетливи на нерамноправен прилив на нови предмети, бидејќи истиот непосредно предизвикува значително зголемување на обемот на работа, како и

на заостатокот во периодот по остварениот прилив, а неоходно е потребно определен временски период за процесуирање и завршување на истите.

Исто така, определени промени во законската регулатива или фактичи преземени дејствија можат негативно да влијаат врз зголемувањето на заостатокот во работата на Судот.

Акцентот ќе биде ставен на почитување на законските рокови во сите стадиуми на судското постапување со цел за обезбедување на правото на судење во разумен рок како сегмент на пошироко поставеното право на правично судење.

4. Во Основниот суд Радовиш е формирана канцеларија за односи со јавноста, а воедно е определено лице за обезбедување информации од јавен карактер. Во досегашниот период, бројот на овие предмети е со благ пораст споредено со претходната година, при што најчесто се бараат податоци за определен вид на предмети.

Во периодот што следува не се очекува битно зголемување на барањата за пристап до информации од јавен карактер.

Судот ќе остварува комуникација со локалните средства за јавни информации, со цел за пласирање релевантни информации за судското функционирање, вклучувајќи и презентација на годишниот извештај за работата на Судот во претходната година.

На таков начин ќе биде обезбедена поголема транспарентност во постапувањето на Судот и негово отворање кон пошироката јавност.

5. Судот за 2021 година ќе донесе годишен план за управување со движењата на предметите, за чија реализација е формирано работно тело кое постојано ја следи состојба со движењето на предметите во Судот, констатирајќи ги слабостите и предлагајќи излезни решенија за подобрување на состојбата. Работното тело ќе одржува средби најмалку еднаш месечно и ќе подготвува писмен извештај и предлог мерки до претседателот на Судот.

Исто така, во Судот се  следи состојбата со предметите во кои што настапила застареност, со цел да се констатираат причините за протекот на рокот на застареност и надминување на постојните слабости, како и старите предмети и превземање дејствија за нивно решавање за кој се превземаат активбности согласно донесениот Акционен план за решавање на овие предмети.

6. Според програмата за работа за 2021 година, во Основниот суд Радовиш ќе постапуваат четири судии заедно со Претседателот на судот, од кои тројца по кривичните предмети од кои еден по извршувањето на кривичните санкции, и четири  по граѓанските предмети. Сите судии рамноправно ќе постапуваат по прекршочните предмети и по извршувањето на прекршочните санкции. Во текот на целата година ќе се води сметка за рамноправната оптовареност на судиите и навремено ќе се реагира со промени во годишниот распоред во услови на значителни промени во приливот на нови предмети.

Во однос на вработените, во Основниот суд Радовиш не се пополнети сите работни места предвидени во согласност со актот на систематизација на работните места, е имајки ги во предвид природниот прилив заминување во старосна пензија изразена е потребата од  пополнување на упразнетите и непополнетите работни места. Акцентот на евентуални нови вработувања треба да биде ставен на ангажман на  дактилограф, доставувач и уписничари  со оглед на потребите на Судот.

7. Во Основниот суд Радовиш постои подготвеност за целосно вклучување во процесот на едукација на носителите на судиската функција, но и на останатиот кадар, па во тој контекст се акцептираат можностите што ги нуди Академијата за обуки на судии и јавни обвинители. Се чуствува потреба од засилена едукација во однос на јакнењето на етиката на судските службеници.

8. Состојбата со информатичката технологија во Судот по претходно спроведените  тендери за набавка на информатичка опрема значително е подобрена, но напоменуваме дека е потребно во делот на печатарите состојбата да се подобри како и скенирањето.

Во однос на останатата опрема, може да се констатира дека и опремата за тонско снимање само во една судница не ги задоволува пропишаните стандарди и почитувањето на одредбите во целосот за што е потребно истата да се обезбеди и  се барани средства од Судски буџетски совет.

Во Судот е обезбеден пристап до Интернет, што овозможува пристап до релевантни информации потребни за функционирањето на Судот.

9. Состојбата со безбедноста на Судот е на недоволно ниво, која е условена од причини од објективна и субјективна природа.

Иако во Судот во текот  е обезбеден видео надзор кој до некаде овозможува ефикасна контрола на движењето во Судот и неговата непосредна околина, потребно е и  набавување и поставување на рампа- метален детектор ако се има во предвид фактот дека во зградата во која е сместен Основен суд Радовиш, се сместени уште три други институции и тоа Управа за Јавни Приходи ПЕ Радовиш, Основно Јавно Обвинителство Радовиш и Агенција за катастар на недвижности Одделение Радовиш, како и фактот што дворното место во која е изградена зградата во која е сместен Основен суд Радовиш и погоренаведените три други институции, е неограден.

Пристапот до судиските кабинети е делумно ограничен, бидејќи само кај една од двете врати е инсталиран електронски систем на заштита.

Судот располага со рачен детектор на метал, чие функционирање е условено од материјални трошоци кои Судот не може редовно да ги сервисира.

Припадниците на судската полиција не располагаат со материјални средства за заштита и обезбедување во случај на потреба.

Од тие причини, нужна е потребата од преземање сериозни мерки за подобрување на состојбите во Судот во овој сегмент, преку обезбедување соодветни материјални средства за обезбедување сигурност во Судот, но и

професинален пристап и одговорно извршување на работните задачи од страна на судската полиција.

10. Во делот на јавните набавки, Основниот суд Радовиш во законскиот рок ќе подготви годишен план со кои се предвидени предметот на јавна набавка, очекуваниот почеток на спроведување на постапката за јавна набавка, проценетата вредност на предметот на јавна набавка и видот на постапката.

Претседател на Основен суд Радовиш
Лила Цветаноска